Број: 11 -191/3
Датум: 04.02.2026 година
Скопје

Врз основа на член 50, став 1,од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 23/25), Решението за формирање Комисија за распишување Јавен повик и спроведување постапка за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година бр. 11-191/1 од 13.01.2026 година, согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на реализатори на проектни активности, како и следењето и известувањето за нивната реализација при спроведување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош бр.11-614/1 од 27.01.2026 година донесен од Градоначалникот на Општина Карпош, Комисијата за распишување Јавен повик и спроведување постапка за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година , објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

### за реализација на програмските активности од годишната Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош

1. Со цел реализација на активностите од годишната Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош, Комисијата за распишување Јавен повик и спроведување постапка за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година распишува Јавен повик.

2. Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година ги предвидува следниве области за реализирање на програмските активности:

2.1. **Здравје – превентивни прегледи и советувања за специфични женски и машки болести:**

- Проекти за бесплатни совети, превенција и прегледи за специфични женски и машки болести

2.2. **Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртви од семејно насилство:**

- Проекти за подигање на свеста за спречување на семејното насилство, поддршка на жртви на семејно насилство, поддршка на Шелтер центри и друго.

2.3. **Надминување на родовите стереотипи при избор на понатамошно образование:**

- Проекти за кариерен развој на учениците во основните училишта

2.4. **Дигитална писменост:**

- Реализација на проекти за анализа на состојбата за вклученоста на жените и мажите во дигиталниот свет, за зголемување на учеството во информатичкиот сектор, како и проектни активности кои се во насока на зголемување на дигиталните способности и интернет знаењата особено кај ранливите групи на граѓани (лица од трето доба, лица во социјален ризик, маргинализирани групи и сл.).

2.5. **Фитнес за жени и мажи:**

- Проекти за спроведување на бесплатни часови по фитнес, пилатес, јога и други спортски техники

2.6. **Поддршка на Локалниот совет за женско претприемништво:**

- Реализација и спроведување на проектни активности за учество на ЛСЖП на настани од областа, Форуми и трибини за претприемништво, Меѓуопштинска соработка, Организирање на активности за поддршка на жените претприемачи, Стратегија за развој на претприемништвото, Вмрежување на бизнисите од општината преку локална база на претприемачи, организација на настани со учество на занаетчии и друго.

3. Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на сите седум програмските активности е во износ од 1.700.000.00 денари и истата е предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

4. Финансиската поддршка ќе се додели врз основа на постапка по јавен повик за избор на реализатори на проекти од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош, објавен на веб страната на Општина Карпош, www.karpos.gov.mk.

5. Постапката за избор на реализатори на проекти ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош. Комисијата е составена од три члена, од кој едниот е координатор за еднакви можности, а двајца се од редот на општинската администрација.

6. По истекот на рокот за доставување на предлог-проектите, Комисијата се состанува во рок од 5 (пет) дена заради административна проверка, разгледување и оценување на пристигнатите апликации.

7. Комисијата ќе ги извести апликантите чии предлог-проекти се прифатени и апликантите чии предлог-проекти се одбиени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите согласно Правилникот и Јавниот повик.

8. Право на учество на повикот за реализација на програмски активности од областите кои се предвидени во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година, имаат сите заинтересирани правни и физички лица кои се занимаваат со активности и проекти од јавен карактер, посебно од областа на еднаквите можности.

9. Заинтересираните физички и правни лица треба да ги достават следниве документи:
   - предлог проект;
   - статут и решение за регистрација (за правни лица и здруженија на граѓани);
   - референтна листа на реализирани проекти, при што искуството со проекти во локална самоуправа и меѓународни донаторски организации ќе се смета за предност;
   - други документи кои се во прилог на понудувачот.

10. Предлог-проектите се оценуваат според следните критериуми:

- усогласеност со целите и приоритетите на Програмата;
- јасно дефинирана целна група;
- очекувани резултати и одржливост;
- капацитет и искуство на реализаторот;
- оправданост и реалност на финансискиот план.

11. Јавниот повик се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош.

Јавниот повик трае 30 дена од денот на објавување.

Начин на пријавување: Заинтересираните лица можат да ги поднесат потребните документи во архивата на Општина Карпош, во затворен плик со назнака НЕ ОТВАРАЈ, до координатор за еднакви можности меѓу жените и мажите.

Крајниот рок за поднесување е заклучно 06 март 2026 година.

Некомплетната документација нема да биде разгледувана.
Адреса: Општина Карпош, ул. „Никола Русински " бр. 11, Скопје.

**Комисија за распишување Јавен повик и спроведување постапка за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година**

Виолета Михајловска
Александра Теова
Јелена Цветковиќ